ЦЕНТАР ЗА РАЗВОЈ НА
ИСТОЧЕН ПЛАНСКИ РЕГИОН
Бр.03-105/2
08.04.26

ИСТОЧЕН РЕГИОН

ЦЕНТАР ЗА РАЗВОЈ НА ИСТОЧЕН ПЛАНСКИ РЕГИОН

Ванчо Прќе, 119, кат 2
2000 - Штип, Македонија
Т: +389 32 386 408
Ф: +389 32 386 409
Е: eastregion@eastregion.mk
I: www.eastregion.mk

Врз основа на член 3 став 1 алинеја 2, член 11, член 16 став 6, член 19, член 20 став 1 и член 21 став 1 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер („Сл.Весник на РСМ" бр.101/19), а по овластување на Директорот на Центар за развој на Источен плански регион, согласно Решение број 03-363/1 од 07.12.2021 година, постапувајќи по Допис за добивање податоци од јавен карактер поднесен од [redacted] на ден 26.03.2026 година до директорот на Центар за развој на Источен плански регион, а од службеното лице за посредување со информации од јавен карактер примен на ден 03.04.2026 година, Службеното лице за посредување со информации од јавен карактер, на ден 08.04.2026 година, го донесе следното:

Решение

1. **Барањето за пристап до информации од јавен карактер** од Барателот [redacted] поднесено по електронска пошта до директорот на Центарот за Центар за развој на Источен плански регион на ден 26.03.2026 година, а од службеното лице за посредување со информации од јавен карактер примено на ден 03.04.2026 година, заведено под бр.03-105/1 од 03.04.2026 година, **СЕ УВАЖУВА.**
2. Центарот за развој на Источен плански регион позитивно одговара на Барањето и на барателот му овозможува пристап до бараната информација согласно информациите со кои располага и согласно своите законски надлежности.
3. Со оглед на тоа што Барателот со едно Барање бара информации со кои располагаат поголем број на различни иматели на информации секој во својот делокруг на работење по одделните точки од барањето, согласно член 11 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер, Службеното лице за посредување со информации од јавен карактер при Центар за развој на Источен плански регион, му укажува помош на Барателот при барањето на информации во согласност со Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер, со тоа што го упатува дека е потребно да го преработи Барањето со разделување на поединечни Барања за добивање на информации од јавен карактер по одделните точки од Барањето од 26.03.2026 година, кои согласно анализа на своите потреби и надлежноста на институциите ќе ги упати до релевантните иматели на информации, заради добивање на комплетни информации и податоци по сите точки од Барањето.

Образложение:

До директорот на Центар за развој на Источен плански регион, на ден 26.03.2026 година, по електронска пошта е испратен Допис за добивање податоци од јавен карактер од [redacted]

Службеното лице за посредување со информации од јавен карактер при Центарот за развој на Источен плански регион, дописот препратен од директорот го прими на ден 03.04.2026 година.

Со оглед на тоа што податоците за службено лице за посредување со информации од јавен карактер кај Центарот за развој на Источен плански регион се јавно објавени на веб страната на Центарот заедно со контакт информации, а [redacted] не го испратил Дописот за добивање на податоци од јавен карактер на наведената електронска пошта, туку на електронска пошта на Директорот на Центарот, како ден на прием се смета 03.04.2026 година – денот кога Дописот е примен од службено лице.

Службеното лице за посредување со информации од јавен карактер разгледувајќи го дописот, согласно член 16 став 6 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер, утврди дека според предметот на дописот, иако истиот не е поднесен на пропишан образец и на јавно објавената електронска пошта за прием на Барања за слободен пристап до информации од јавен карактер, произлегува дека се работи за барање за пристап до информации и ќе го разгледува согласно со Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер.

Службеното лице за посредување со информации од јавен карактер, на ден 03.04.2026 година, побара од вработено лице во Центарот за развој на Источен плански регион, да ги достави бараните податоци согласно Дописот од [redacted]. Вработено лице кај Имателот, на ден 03.04.2026 година, бараните информации од јавен карактер со кои располага институцијата, а кои веќе се достапни за јавноста во однапред пропишана форма, ги достави во писмена форма до службено лице за посредување со информации од јавен карактер кај Имателот и истите се прилог на ова Решение.

Согласно член 3 став 1 алинеја 2 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер („Сл.Весник на РСМ“ бр.101/19): „информација од јавен карактер" е информација во која било форма што ја создал или со која располага имателот на информацијата согласно со неговите надлежности (во натамошниот текст: информацијата).

Постапувајќи по Барањето за пристап до информации од јавен карактер, Центарот за развој на Источен плански регион доставува информација и податоци со кои располага и ги создал во рамки на своите законски надлежности, во прилог на ова Решение.

Истовремено, бидејќи Барателот со едно Барање бараше информации со кои располагаат различни иматели по одделни точки, а дел од нив се и јавно достапни информации, Центарот за развој на Источен плански регион, во Одговорот на Барањето – Прилог на ова Решение, соодветно го упати Барателот каде се објавени информациите достапни за јавноста, како и за начинот на кој е потребно да го преработи Барањето и до кои институции да го достави, заради добивање на комплетни информации и податоци по сите точки од Барањето.

Со ова, Центарот за развој на Источен плански регион ја исполни својата законска обврска за помош на барателот и доставување на расположливите информации од својот делокруг на работење.

Согласно погоре наведеното, се одлучи како во диспозитивот на ова Решение.

ПРАВНА ПОУКА: Против ова Решение може да се поднесе жалба до Агенцијата за заштита на правото за слободен пристап до информациите од јавен карактер во рок од 15 дена од денот на приемот на решението.

Решено во Центар за развој на Источен плански регион на ден 08.04.2026 година, под бр.03-105/2.

Прилог:

- Одговор на Барање од 07.04.2026 година, со прилог:
  - Доставување на податоци од 03.04.2026 година, со Прилог Образец за евиденција на развојните потенцијали на Источен плански регион за 2025 година

Доставено до:

- Барател на информацијата
- Архива на Центар за развој на Источен плански регион

По овластување на Директор
Службено лице за посредување со
информации од јавен карактер
Катерина Коцева

ЦЕНТАР ЗА РАЗВОЈ НА ИСТОЧЕН ПЛАНСКИ РЕГИОН * Штип *

ИСТОЧЕН РЕГИОН
ЦЕНТАР ЗА РАЗВОЈ НА ИСТОЧЕН ПЛАНСКИ РЕГИОН
Ванчо Прќе, 119, кат 2
2000 - Штип, Македонија
Т: +389 32 386 408
Ф: +389 32 386 409
Е: eastregion@eastregion.mk
I: www.eastregion.mk

До
[redacted]

Врска: Ваш Допис за добивање податоци од јавен карактер од 26.03.2026 година
Предмет: Одговор на Барање

Постапувајќи по горенаведениот Допис/Барање за пристап до информации од јавен карактер, со кое Барателот бара податоци за:
1) Број на правни субјекти во Источен плански регион од дејности:
а) Мелничко-пекарска индустрија
б) Производство и преработка на млеко и млечни производи
с) Производство и преработка на месо и месни производи
d)Производство и преработка на зеленчук и овошје
е) Производство на пијалоци
f) Дрвопреработка
g) Туризам и угостителство
2) Број и локација на био-гасни централи во Источен плански регион
3) Број и локација на компостари во Источен плански регион,
Центарот за развој на Источен плански регион го дава следниов одговор и информација:

1) Во однос на првата точка од Барањето:
Центарот за развој на Источен плански регион, не располага и не ја создал во рамки на своите законски надлежности конкретната информација која ја барате, не располага со таков сублимат и не води такви бази на статистистички податоци.

Сепак, имајќи го во предвид член 3 став 1 алинеја 2 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер, и со цел овозможување на пристап до податоци со кои располага Центарот во рамки на своите надлежности, службеното лице за посредување со информации од јавен карактер, на ден 03.04.2026 година, побара од вработено лице во Центарот за развој на Источен плански регион, да ги достави бараните податоци согласно Дописот од [redacted]

Вработено лице кај Имателот, на ден 03.04.2026 година, бараните информации од јавен карактер со кои располага институцијата, а се во врска со Барањето на Барателот, ги достави во писмена форма до службено лице за посредување со информации од јавен карактер кај Имателот.

Во врска со ова, во Прилог на овој Одговор Ви го доставуваме и Одговорот од вработеното лице насловен како Доставување на податоци, со Прилог Образец за евиденција на развојните потенцијали на Источен плански регион за 2025 година PDF формат и excel, со што имателот Центар за развој на Источен плански регион Ви ги доставува сите расположливи евиденции со кои располага, а во врска со точка 1 од Барањето.

Со цел пружање на помош на Барателот при Барање на информации од јавен карактер и добивање на одговор по точка 1 од Барањето, Ве упатуваме

дека на веб страната на Државен завод за статистика https://www.stat.mk/ во базата на податоци МАКСТАТ https://makstat.stat.gov.mk/PXWeb/pxweb/mk/MakStat/ се објавени јавно достапни податоци за број на активни деловни субјекти по региони и општини според сектори на дејност според НКД, како и останати податоци. Одовде секој корисник може самостојни да си ги извлече и превземе потребните податоци со користење на достапните филтри. На веб страната на Државен завод за стаистика можете да пребарате и различни публикации во врска со Вашето Барање.

Доколку Ви е потребна специфична обработка која не можете сами да ја извлечете од веб-страницата, за податоците од точка 1 од Барањето е потребно да подготвите посебно барање кое ќе го поднесете до Државен завод за статистика како надлежен орган за официјална статистика и до Централен регистар кој располага со статистички податоци од Вашиот интерес и е надлежен за официјалните статусни податоци и регистрираните дејности на правните лица и од каде можете да добиете податоци за активни фирми регистрирани под одредени дејности, заедно со останати податоци https://www.crm.com.mk/

Исто така и единиците на локална самоуправа кои влегуваат во состав на Источен плански регион и тоа општините: Кочани, Штип, Виница, Чешиново - Облешево, Зрновци, Карбинци, Берово, Делчево, Пехчево, Пробиштип и Македонска Каменица, секоја поединечно, имаат специфични локални евиденции и информации поврзани со делокругот на нивното работење, за што е потребно да се обратите до нив.

2) По точка 2) од Барањето од 26.03.2026 година, Ви ја даваме следнава информација со која располагаме:

- Во рамки на проектот „Поддршка на имплементацијата на регионалните системи за управување со отпад во Источниот и Североисточниот регион NEAR/SKP/2022/EA-RP/0137“, чии постројки за управување со отпад (централна и 6 локални) сеуште не се изградени, во врска со управување со биогасот произведен од деградацијата на отпадот е предвидено дека истиот ќе се собира преку соодветна собирана мрежа и ќе се транспортира до постројка за согорување на биогас (горилница) за безбедно испуштање во атмосферата. Управувањето со депонискиот гас ќе се состои од следново:

- Собирни бунари
- Цевководи за пренос на биогас
- Станици за собирање на биогас
- Главна цевка за испуштање на биогас (параметарска цевка за биогас)
- Систем за зафаќање на кондензат
- Горилница (ќе има минимален капацитет 450 m3/h и ќе биде со затворен тип на соговорување.)

Повеќе информации за проектот на следниов линк: https://www.sene3.com/mk
Врска од Регионалниот план за управување со отпад: chrome-extension://efaidnbmnnnibpcajpcglclefindmkaj/https://eastregion.mk/wp-content/uploads/2022/02/%D0%A0%D0%B5%D0%B3%D0%B8%D0%BE%D0%BD%D0%B0%D0%BB%D0%B5%D0%BD%20%D0%BF%D0%BB%D0%B0%D0%BD%20%D0%B7%D0%B0%20%D1%83%D0%BF%D1%80%D0%B0%D0%B2%D1%83%D0%B2%D0%B0%D1%9A%D0%B5%20%D1%81%D0%BE%20%D0%BE%D1%82%D0%BF%D0%B0%D0%B4%20%D0%B2%D0%BE%20%D0%98%D1%81%D1%82%D0%BE%D1%87%D0%B5%D0%BD%20%D1%80%D0%B5%D0%B3%D0%B8%D0%BE%D0%BD.pdf

- Бидејќи Центарот не располага со други податоци надвор од погоренаведените обезбедени во рамките на проектот, за добивање на точна и сеопфатна информација и вкрстени податоци по точка 2) од Вашето Барање, потребно е, согласно Вашите потреби, да подготвите посебни поединечни Барања по точка 2), кои ќе ги доставите до:

- Министерство за енергетика, рударство и минерални суровини или сами да си ги извлечете податоците од нивниот јавно достапен Регистар на електроцентрали кои произведуваат електрична енергија од обновливи извори на енергија на следниов линк: chrome-extension://efaidnbmnnnibpcajpcglclefindmkaj/https://portal.mdt.gov.mk/post-body-files/dokumenti-file-tEVk.pdf
- Регулаторна комисија за енергетика, водни услуги и услуги за управување со комунален отпад на Република Северна Македонија или сами да ги извлечете податоците кои се јавно објавени од нивна страна на следниов линк https://www.erc.org.mk/page.aspx?id=395
- Националниот оператор на пазар на електрична енергија МЕМО ДООЕЛ или сами да ги извлечете податоците од следниов линк https://www.memo.mk/?page_id=242301
- Секоја од 11-те општини од регионот Кочани, Штип, Виница, Чешиново - Облешево, Зрновци, Карбинци, Берово, Делчево, Пехчево, Пробиштип и Македонска Каменица и до нивните Јавни комунални претпријатија за постоење на системи на производство на биогас во склоп на други капацитети, на пример во склоп на Пречистителната станица за отпадни води.
  Општините располагаат со специфични локални евиденции кои не се во надлежност на Центарот.

3) По точка 3) од Барањето од 26.03.2026 година, Ви ја даваме следнава информација со која располагаме:

- Во рамки на проектот „Поддршка на имплементацијата на регионалните системи за управување со отпад во Источниот и Североисточниот регион NEAR/SKP/2022/EA-RP/0137", е предвидена изградба на мрежа од 6 претоварни станици и тоа три мали претоварни станици во општините Берово, Македонска Каменица и Ранковце (контејнери со преса) и три големи претоварни станици во општините, Куманово, Штип и Виница (стационарен компактор) - (локални инсталации за управување со отпад) и изградба на Централна инсталација за управување со отпад во Свети Николе што ќе ги опслужува двата региона и опфаќа Постројка за преработка на материјали (MRF) за сортирање на рециклабилни материјали, Постројка за механичко биолошки третман (МБТ) за третман на преостанатиот отпад што вклучува биостабилизација и регионална депонија според стандардите на ЕУ за безбедно отстранување на остатоците од отпад, при што сите (локалните и централната инсталација за управување со отпад) вклучуваат постројки за компостирање на зелен отпад и собирни центри.
  Во моментот постројките за управување со отпад (централна и 6 локални) сеуште не се изградени.

Во рамки на овој проект за општините од Источен плански регион, плус за општина Свети Николе беа обезбедени по 5, односно вкупно 60 садови за домашно компостирање наменети за домакинствата, и сите беа позиционирани

кај Јавното комунално претпријатие Водовод Кочани, од каде останатите комунални претпријатија од општините можеа да ги подигнат.

Повеќе информации за проектот на следниов линк: https://www.sene3.com/mk
Врска од Регионалниот план за управување со отпад: chrome-extension://efaidnbmnnnibpcajpcglclefindmkaj/https://eastregion.mk/wp-content/uploads/2022/02/%D0%A0%D0%B5%D0%B3%D0%B8%D0%BE%D0%BD%D0%B0%D0%BB%D0%B5%D0%BD%20%D0%BF%D0%BB%D0%B0%D0%BD%20%D0%B7%D0%B0%20%D1%83%D0%BF%D1%80%D0%B0%D0%B2%D1%83%D0%B2%D0%B0%D1%9A%D0%B5%20%D1%81%D0%BE%20%D0%BE%D1%82%D0%BF%D0%B0%D0%B4%20%D0%B2%D0%BE%20%D0%98%D1%81%D1%82%D0%BE%D1%87%D0%B5%D0%BD%20%D1%80%D0%B5%D0%B3%D0%B8%D0%BE%D0%BD.pdf

- Бидејќи Центарот не располага со други податоци надвор од погоренаведените обезбедени во рамките на проектот, за добивање на точна и сеопфатна информација и вкрстени податоци по точка 3) од Барањето, кои потоа самостојно ќе ги обработите и сублимирате за потребите на проектот, согласно Вашите потреби, потребно е да подготвите поединечни Барања кои ќе ги доставите до:
- Министерството за животна средина и просторно планирање и
- Секоја од 11-те општини од регионот Кочани, Штип, Виница, Чешиново - Облешево, Зрновци, Карбинци, Берово, Делчево, Пехчево, Пробиштип и Македонска Каменица и до нивните Јавни комунални претпријатија.
  Општините располагаат со специфични локални евиденции кои не се во надлежност на Центарот.

Прилог:

- Доставување на податоци од 03.04.2026 година во скенирана форма, со Прилог Образец за евиденција на развојните потенцијали на Источен плански регион за 2025 година PDF формат и excel

Датум: 07.04.2026 година

По овластување на Директор
Службено лице за посредување со информации од јавен карактер
Катерина Коцева

ЦЕНТАР ЗА РАЗВОЈ НА ИСТОЧЕН ПЛАНСКИ РЕГИОН * Штип *

ЦЕНТАР ЗА РАЗВОЈ НА ИСТОЧЕН ПЛАНСКИ РЕГИОН

Ванчо Прке 119, 2 кат
2000 - Штип, Македонија
Т: +389 32 386 408
Ф: +389 32 386 409
E: eastregion@eastregion.mk
I: www.eastregion.mk

До

Службено лице за посредување со информации од јавен карактер при ЦРИПР

Предмет: Доставување на податоци

Почитувани,

Во врска со Вашето барање за доставување на податоци и тоа:

1) Број на правни субјекти во Источен плански регион од дејности:

а) Мелничко-пекарска индустрија

б) Производство и преработка на млеко и млечни производи

с) Производство и преработка на месо и месни производи

d)Производство и преработка на зеленчук и овошје

е) Производство на пијалоци

f) Дрвопреработка

g) Туризам и угостителство – сектор во развој

2) Број и локација на био-гасни централи во Источен плански регион

3) Број и локација на компостари во Источен плански регион,

Ве информираме дека Центарот за развој на Источен плански регион, во врска со горенаведеното Барање, ја создал и располага со следнава информација, изготвена во рамки на неговите законски надлежности: Образец за евиденција на развојните потенцијали на Источен плански регион за 2025 година.

Во прилог и врска од Образецот за евиденција на развојните потенцијали на Источен плански регион за 2025 година, кој веќе постои во однапред пропишана форма и е достапен за јавноста: https://eastregion.mk/dokumenti/evidenczija-na-razvojni-potenczijali-na-ipr/

Прилог:

- Образец за евиденција на развојните потенцијали на Источен плански регион за 2025 година

Со почит,

Центар за развој на Источен плански регион
Евица Николовски
Соработник за поддршка на бизнис секторот, регионален развој и информатичко комуникациска технологија

Дата: 03.04.2026, Штип

Примил на ден 03.04.2026 го
Катерина Коцева